Бр:10-11

Скопје: 10.02.2020

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на државна помош согласно Програмата за развој на туризмот за 2020 година поднесено од страна на Министерството за економија бр. 13-497/1 од 16.01.2020 година, на седницата одржана на 10.02.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Мерката содржана во дел II точка 1 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Меѓународна и билатерална соработка во туризмот во износ од 3.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

2.Мерката содржана во дел II точка 2 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството во вкупен износ од 2.000.000 денари** ***претставува помош од мало значење (de minimis)*** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

3.Мерката содржана во дел II точка 3 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Уредување на една пештера за туристичка намена во вкупен износ од 1.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

4.Мерката содржана во дел II точка 4 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Поддршка на активен туризам во вкупен износ од 2.000.000 денари**, при што Министерството за економија преку објавување на јавен повик ќе субвенционира 50% од прикажаните трошоци за опрема и алатки но не повеќе од 150.000 денари за една апликација кон здруженијата регистрирани за развој на ваков вид на туризам ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за котрола на државната помош.

5.Мерката содржана во дел II точка 5 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Субвенции за туристички цели на селски домаќинства во вкупен износ од 2.500.000 денари,** при што финансиската поддршка ќе се доделува во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари за набавка на опрема и инвентар, како и за уредување на просторот на селските домаќинства, ***претставува помош од мало значење (de minimis)*** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

6.Мерката содржана во дел II точка 6 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Проектирање на три идејни решенија за објекти од Студијата за неискористени објекти во Република Северна Македонија во вкупен износ од 1.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

7.Мерката содржана во дел II точка 7 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Подготовка на „Бренд стратегија“ за туризам во вкупен износ од 4.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

8.Мерката содржана во дел II точка 8 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Изготвување на водич за рурален туризам во вкупен износ од 500.000 денери** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

9.Мерката содржана во дел II точка 9 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот во вкупен износ од 3.500.000 денари** ***претставува помош од мало значење (de minimis)*** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државна помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

10.Мерката содржана во дел II точка 10 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Еко акција за чистење на туристичките центри низ државата и Кампања за безбедно патување во вкупен износ од 2.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

11.Мерката содржана во дел II точка 11 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Надградба на системот за мобилна апликација „Visit Macedonia” во вкупен износ од 500.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за котрола на државната помош.

12.Мерката содржана во дел II точка 12 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Одбележување на Светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот во вкупен износ од 500.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

13.Мерката содржана во дел II точка 13 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Изготвување на студија за развој на човечките ресурси од туризмот и угостителството во Република Северна Македонија во вкупен износ од 500.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

14.Мерката содржана во дел II точка 14 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов **Печатење на промотивни материјали од областа на туризмот во вкупен износ од 1.000.000 денари** ***не претставува државна помош*** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошнот текст „Закон„), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошнот текст „Комисија„) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

Притоа, секој давател на државна помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот е должен, согласно член 13 став (1) од Законот, до Комисијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Министерството за економија со допис бр. 13-497/1 од 16.01.2020 година (Наш бр. 10-11 од 20.01.2020 година) достави до Комисијата Известување за планирано доделување на помош во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11). Исто така, Министерството за економија до Комисијата ја достави и Програмата за развој на туризмот за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 7/20).

Комисијата оцени дека Известувањето доставено од страна на Министерството за економија е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.

При испитување на доставената Програма за развој на туризмот за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 7/20), Комисијата ги оценуваше условите и намената за реализација на секоја од активностите предвидена во истата Програма за да утврди дали таквите активности претставуваат државна помош.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Комисијата ги анализираше активностите содржани во Програмата за развој на туризмот за 2020 година од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа Комисијата утврди дека мерките во точките 1, 3, 4, 6, 7, 8, 10, 11, 12, 13, 14 од делот II од Програмата за развој на туризмот за 2020 година не претставуваат државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот односно таквите мерки се од општ карактер и не ја нарушуваат, ниту можат да ја нарушат конкуренцијата преку овозможување на економска предност на одредено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Со ваквите мерки содржани во Програмата се предвидува: меѓународна и билатерална соработка во туризмот со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот (Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др); опремување, уредување и адаптација на простор за безбедно посетување на една од пештерите во Република Северна Македонија; субвенционирање дел од трошоци за опрема и алатки кои ќе помогнат во подобрување на активниот туризам и екстремни односно адреналински спортови; проектирање на три идејни решенија за три позначајни објекти кои имаат потенцијал за адаптација во туристички центри; подготовка на "Бренд стратегија„ за туризам со креирање ново лого и нов слоган; изработка на водич за руралниот туризам кој ќе содржи податоци, информации, слики и текст за понудата во Република Северна Македонија во руралните средини во осумте плански региони; активности за чистење на отпадот од патиштата како и организирање кампања за безбедно патување; надградба на системот за мобилна апликација со цел туристите да имаат можност за симнување на мобилна (IOS, Android, Windows) апликација за туристичките потенцијали на земјата како и можноста за резервација на хотел, ресторан, културен настан, како и проверка на понудите за посета на одредени места во самиот регион; организирање на настан по повод на Светскиот ден на туризам (27 септември) каде што ќе се доделуваат признанија за најуспешните во категоријата: хотели, туристички агенции, ресторани, уредени плажи и манифестации; истражување на состојбите со човечките ресурси во земјата од областа на туризмот и угостителството преку изготвување на студија; изработка (печатење) на промотивни туристички брошури за рурален туризам, верски туризам, вински туризам на повеќе странски јазици, флаери за туристичките потенцијали на земјава итн. Според Комисијата овие мерки и активности кои се преземаат од страна на државата се од општ карактер и се во насока на подобрување на условите воопшто во областа на туризмот, исклучувајќи ја при тоа можноста од директна вклученост и финансиска корисност како државна помош на некое претпријатие во времето додека се реализират ваквите мерки и активности.

Мерката содржана во дел II точка 2 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов Едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот заради тоа што износот на

доделената помош по корисник не надминува 200.000 евра во денарска противредност за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во денарска противредност во областа на патниот сообраќај за период од 3 години. За реализација на мерката 2 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година се предвидува доделување на средства во вкупен износ од 2.000.000 денари (или 32.520 евра). Иако целта на мерката е доделување на средства за едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството, сепак малиот износ на предвидени средства за реализација на оваа мерка како и отсуството на одредување на процентите за користење на таквите средства за корисниците на помошта, согласно глава V (Обука – член 35) од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија бр. 03/14), според Комисијата придонесува да таквата мерка се категоризира како помош од мало значење наместо хоризонтална помош т.е. помош доделена за обука. Согласно горенаведеното Комисијата смета дека ваквата помош претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11). Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош. Мерката содржана во дел II точка 2 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година не се однесува на корисник кој е во потешкотии, не е поврзана со извозни активности, не е условена со фаворизирање на домашните производи наспроти увезените ниту се користи како мерка за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок, па оттука ги исполнува условите од член 9 став (2) од Законот.

Мерката содржана во дел II точка 5 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов Субвенции за туристички цели на селски домаќинства во вкупен износ од 2.500.000 денари (40.650 евра), со која ќе се доделува финансиска поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари за едно барање, за целта градење или адаптација на селски домаќинства кои ќе даваат угостителски услуги односно за набавка на опрема и инвентар, како и за уредување на просторот на селските домаќинства, претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) заради тоа што износот на доделената помош по корисник не надминуваа 200.000 евра во денарска противвредност за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во денарска противвредност во областа на патниот сообраќај за период од 3 години. Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош. Во образложението на мерката е наведено дека критериумите кои треба да ги исполнуваат домаќинствата за да бидат дел од оваа мерка се: објектот да е уреден и опремен согласно традицијата на крајот во кој се наоѓа, да подготвува и послужува топли и ладни јадења, пијалоци и напивки вообичаени за крајот во кој се наоѓа селското домаќинство, да нуди услуги за сместување (најмногу до 5 соби), надворешниот изглед на куќата да биде без оштетување и знаци на дотраеност, а околината да биде уредена. Ваквите семејни домаќинства ќе добијат ознака на која има „сончоглед" , како потврда дека станува збор за селско домаќинство во рурална средина кои вршат угостителска дејност. Намерата за ваков вид поддршка на селските домаќинства е обезбедување самовработување на лица во рурални средини и зголемување на автентична туристичка понуда, со можност за промоција на локалните вредности.

Мерката содржана во дел II точка 9 од Програмата за развој на туризмот за 2020 година под наслов Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот во

вкупен износ од 3.500.000 денари (или 56.911 евра) претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) заради тоа што износот на доделената помош по корисник не надминуваа 200.000 евра во денарска противвредност за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во денарска противвредност во областа на патниот сообраќај за период од 3 години. Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош. Горенаведената мерка не се однесува на корисник кој е во потешкотии, не е поврзана со извозни активности, не е условена со фаворизирање на домашните производи наспроти увезените ниту се користи како мерка за набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок, па оттука ги исполнува условите од член 9 став (2) од Законот. Целта на оваа мерка е субвенционирање на разни локални туристички манифестации, проекти и бизнис форуми кои се одржуваат од страна на туристичкото стопанство, за кои немаат доволно сопствени финансиски средства и бараат поддршка или субвенционирање од владините институции, а се интересни за развојот на туризмот.

Вкупниот износ на финансиски средства кои се потребни за реализација на сите мерки опфатени во Програмата за развој  на туризмот за 2020 година е 24.000.000 денари (390.244 евра). Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 265/19), раздел 10001 – Министерство за економија, во Подпрограма 14 – Развој на туризмот во Република Северна Македонија.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Согласно член 26 став (3) од  Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не  е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Д-р Владимир Наумовски**